РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА

Бр. 11-216/1
03.02.2009
Скопје

**До**

**ПРЕДМЕТ:** Известување за дејноста на средното образование

Заради воведување на системот на договарање, пресметка и исплата на бруто плата на работниците на вработените кој ќе се применува со исплата на јануарската плата на вработените каде како составен дел е и системот на интегрирана наплата на сите социјални придонеси и персоналниот данок на доход од страна на Управата за јавни приходи, склучен е Колективен договор за изменување и дополнување на Колективниот договор за средното образование во Република Македонија и Спогодба за најниска плата за најнизок степен на сложеност и основна плата во средното образование.

Согласно горе наведените акти извршено е усогласување на постојните коефициенти и износот на најниската плата за најнизок степен на сложеност во дејноста на средното образование.

Најниска плата за најнизок степен на сложеност во средното образование изнесува 10.970 денари, а основна плата 12.967 денари.

Истовремено, укажуваме дека основицата за пресметување и плаќање на придонесите, односно основицата за осигурување не може да биде пониска од 50% од просечната бруто плата по работник во Република Македонија објавена во тековниот месец.

За пресметување на основна бруто плата се користат коефициентите и вредноста на коефициентите пропишани со Колективниот договор за изменување и дополнување на Колективниот договор за средно образование и тоа:

Бруто коефициент за секое работно место помножен со утврдената вредност на коифициентот ја дава основна бруто плата.

На добиениот износ на основната бруто плата се пресметува минат труд за секој вработен и тоа 0,5% за секоја година минат труд и се додава на истата.

На така добиената вредност се додаваат другите додатоци (**доколку на вработениот му следуваат**) согласно новите (усогласени) коефициенти утврдени во Колективниот договор за изменување и дополнување на Колективниот договор за средното образование во Република Македонија и утврдениот износ на најниската плата за најнизок степен на сложеност во дејноста на средното образование согласно Спогодбата и тоа додатоците по основ на класно (одделенско) раководство, додаток за работа во паралелки со деца со посебни потреби и друго.

**Вкупно добиениот износ на бруто плата со вклучен минат труд и додатоци на плата (доколку вработениот ги има), претставува основица за натамошна пресметка на плата (заработувачка).**

По однос на специфичноста на исплатата на реалните трошоци за превоз до и од работното место, Ве известуваме дека средствата над до сега законски утврдениот износ, се планирани во Буџетот на Министерството за образование и наука за 2009 година, односно средствата за оваа намена за училиштата што се на подрачјето на општини кои се во втора фаза на децентрализација, се составен дел на средствата од блок дотацијата, додека за училиштата што се на подрачјето на општини кои се во прва фаза на децентрализација, средствата се планирани во Буџетот на Министерството за образование и наука.

**ДРЖАВЕН СЕКРЕТАР**
**М-р Дарко Митевски**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
2
СКОПЈЕ